**20091573371**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 56 став (3) точка а) и став (4) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008 и 48/2009) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 02.12.2009 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ ШТО ГО НАПЛАТУВА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ЗА 2010 ГОДИНА

Член 1

Висината на месечниот надомест што Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување го наплатува од секое пензиско друштво за 2010 година изнесува 0,8%.

Член 2

Надоместокот од член 1 на оваа одлука се пресметува како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-2158/3
2 декември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Димовска,** с.р.